ПП бр: 09-62/11

Врз основа на член 28 став (2) и член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–Претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi -членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност со заклучок ПП бр.09-62/1 од 12.03.2026 година, против Друштво за хотелиерство и туризам МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски“ бр.5 Скопје - Центар, Република Северна Македонија, застапувано од адвокат Гордана Гацева од Адвокатско друштво Трпески и Гацева од Скопје, а заради утврдување на сторен прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седница одржана на 03.06.2026 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека Друштво за хотелиерство и туризам МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски“ бр.5 Скопје - Центар, Република Северна Македонија, застапувано од адвокат Гордана Гацева од Адвокатско друштво Трпески и Гацева од Скопје, со ЕМБС 6786901, ЕДБ 4080012529030, трансакциска сметка 300000005092245 во Комерцијална Банка АД Скопје, не постапило по Заклучок за доставување на податоци ПП бр.09-16/2 од 16.02.2026 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот, на начин што не ги доставило сите побарани податоци со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 05.03.2026 година, како ден до кога Друштво за хотелиерство и туризам МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје било должно да ги достави бараните податоци и со тоа сторило прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува прекршочна санкција глоба во износ од 300.000 денари, што претставува 0.6% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за хотелиерство и туризам МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје остварен во 2025 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на сметка на налогопримач: Буџет на Република Северна Македонија, трансакциска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и е должен да достави доказ за извршената уплата до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да во рок од 15 дена од извршената уплата**.**
Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат.
Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 13.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: Комисијата) е доставена анонимна информација за непријавени концетрации наш ПП бр.09-16/1, меѓу кои и за стекнувањето на контрола од МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО, Дубаи, Обединети Арапски Емирати над МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

На седница одржана на ден 16.02.2026 година, КОП донесе Заклучок за прибавување на податоци ПП бр.09-16/2 од МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со кој Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) го задолжи МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје во рок од 15 дена од денот на прием на Заклучокот да ги достави следните документи и податоци:

- Податок за вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година година од Друштво за хотелиерство и туризам МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Васил Иљоски“ бр.5 Скопје и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот;
- Податок за вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година од МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО, со седиште на Ал Кхабееси билдинг бр.128-246 Дубаи, Обединети Арапски Емирати и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот;
- Податок кога МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО стекнала контрола над МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Со пропратно писмо ПП бр. 09-16/3 на ден 16.02.2026 година, наведениот заклучок беше доставен до МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Со допис ПП бр.09-16/4 од 03.03.2026 година, МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје преку својот полномошник адвокат Гордана Гацева од Адвокатско друштво Трпески и Гацева од Скопје, достави Одговор на Заклучокот за прибавување на податоци.

Со допис ПП бр. 09-16/5 од ден 04.03.2026 година, полномошникот на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави полномошно.

На седница одржана на ден 12.03.2026 година, КОП донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-62/1, со кој побара од МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје да достави податок за бројот на трансакциска сметка на Друштвото.

Со пропратно писмо ПП бр. 09-62/2 на ден 12.03.2026 година, наведениот заклучок беше доставен до МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

На ден 24.03.2026 година со допис ПП бр. 09-62/3, МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави одговор на заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр. 09-62/2 во кој ги достави бараните податоци, односно податоци за трансакциска сметка и депонент-банка на

МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Дополнително, на ден 25.03.2026 година, МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави допис ПП бр. 09-16/6 во чиј прилог ги достави податоците барани со Заклучокот за прибавување на податоци ПП бр. 09-16/2 од ден 16.02.2026 година.

Со допис наш ПП бр.09-16/7 од 27.03.2026 година МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави појаснување на претходно доставените податоци.

КОП на седница одржана на ден 09.04.2026 година донесе прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-62/5.

Со пропратно писмо ПП бр.09-62/6 на ден 09.04.2026 година прелиминарното известување е доставено до МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Со допис ПП бр.09-62/7 од 27.04.2026 година, МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

**КОП во досегашната постапка по предметот го утврди следното:**

Согласно член 15 став (1) од Законот, учесниците во коцентрацијата се должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување. Неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

Согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот. Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 40 став (1) од Законот, заради вршење на овластувањата утврдени со Законот, КОП може со заклучок да бара од претпријатијата да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци потребни за водење на постапката.

Со цел да утврди дали настанала концентрација согласно член 12 од Законот и дали истата ги исполнувала условите од член 14 од Законот, а со тоа и да утврди дали за истата постоела обврска за поднесување на известување за концентрација пред нејзино спроведување, односно да утврди постоење на евентуален прекршок од член 60 став (1) точка 1) и/или 2) од Законот, КОП го донесе Заклучок за прибавување на податоци ПП бр.09-16/2 од 16.02.2026 година, со кој го задолжи МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје во рок од 15 дена од денот на прием на Заклучокот да ги достави следните документи и податоци:

- Податок за вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година година од Друштво за хотелиерство и туризам МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Васил Иљоски“ бр.5 Скопје и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот;
- Податок за вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година од МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО, со седиште на Ал Кхабееси билдинг бр.128-246 Дубаи, Обединети Арапски Емирати и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од;
- Податок кога МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО стекнала контрола над МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

**МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје наведениот заклучок го примил на 18.02.2026 година и имал рок да ги достави сите барани податоци до 05.03.2026 година.**

Со допис ПП бр.09-16/4 од 03.03.2026 година, со кој МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави одговор на Заклучокот за прибавување на податоци, наместо да ги достави сите барани податоци, го оспорува правниот основ и фактичките претпоставки врз кои се темели Заклучокот, а во прилог на истиот достави Тековна состојба од Централен регистар за МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, како и Решение за упис на промена од Централен регистар, од кое е видно дека МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО стекнала контрола над МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје на 28.10.2024 година.
Со наведениот одговор МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје нецелосно одговорил по Заклучок ПП бр.09-16/2 од 16.02.2026 година, односно не доставил податоци за:
- вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година од МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија и
- податоци за вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година од МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија.

Од доставеното Решение за упис на промена од Централен регистар е видно дека МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО стекнала контрола над МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје на 28.10.2024 година и неспорно е дека настанала концентрација согласно член 12 од Законот.

КОП без да располага со податоците за вкупно остварени приходи на учесниците во концентрацијата (МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО и МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје) пресметани согласно член 16 од Законот и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија, не можел да утврди дали предметната концентрација ги исполнувала условите од член 14 од Законот, а со тоа и обврската за задолжително поднесување на известување на концентрација пред нејзино спроведување, а со тоа и да утврди постоење на прекршок од член 60 став (1) точка 1) и/или 2) од Законот.

Со оглед на фактот дека МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје до истекот на рокот, односно до

05.03.2026 година доставил нецелосни податоци во врска со Заклучокот ПП бр. 09-16/2 од 16.02.2026 година, односно не доставил податоци за за вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година година од МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот и податок за вкупно остварени приходи од продажба на стоки и услуги во 2023 година од МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО, и колку од нив се остварени во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот, КОП на седница одржана на ден 12.03.2026 година го донесе Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-62/1 против МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

На ден 25.03.2026 година, МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави допис ПП бр. 09-16/6 во чиј прилог ги достави останатите податоци кои беа побарани со Заклучокот за прибавување на податоци ПП бр. 09-16/2 од ден 16.02.2026 година, а кои не беа доставени со првичниот допис ПП бр.09-16/4 од 03.03.2026 година. Имено, беа доставени решение од Централен регистар на РСМ за промена на назив, скратен назив, основачи и овластено лице на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, извештаи за сметка на Друштвото МУФРИМА ИНВЕСТМЕНТ ИН КОМЕРШАЛ ЕНТЕРПРАЈС И МЕНАЏМЕНТ ДОО за 2023 година, како и податоци за остварените приходи на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје за 2023 година.

Со допис ПП бр. 09-16/7 од ден 27.03.2026 година, МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје достави дополнително појаснување на претходниот допис во однос на доставените податоци за остварените приходи.

Од сето горенаведено, КОП утврди дека МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје при постапување по Заклучокот ПП бр.09-16/2 од 16.02.2026 година на КОП, не доставил целосни податоци навремено во рокот утврден со Заклучокот, со што сторил прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот**.**

Имено, МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје со тоа што не доставил целосни податоци побарани со Заклучокот за прибавување на податоци ПП бр.09-16/2 од ден 16.02.2026 година, ја довел КОП во ситуација да не може да утврди дали за настанатата концентрација постоела обврска за поднесување на задолжително известување за концентрација пред нејзино спроведување, односно да утврди постоење на прекршок од член 60 став (1) точка 1) и/или 2) од Законот.

Согласно член 61 став (1) од Законот, за сторениот прекршок на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје може да му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2025 година, како последна деловна година за која има составено годишна сметка.

При изрекување на глобата, КОП тргнува од вредноста на вкупниот годишен приход на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје соодветно остварен во 2025 година, како последна деловна година за која МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје има составено годишна сметка.

Вкупно остварените приходи на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје во 2025 година, како

последна деловна година за која има составена годишна сметка изнесуваат 49.316.737 денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата, КОП ги зема предвид следниве олеснителни околности:

- МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје веднаш по поведување на прекршочната постапка ги достави сите податоци. Имено, Заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр. 09-62/1 КОП го донесе на ден 12.03.2026 година, додека МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје на ден 25.03.2026 година со допис наш ПП бр. 09-16/6 (и со дополнителен допис наш ПП бр.09-16/7 од 27.03.2026 година) ги достави и податоци кои беа побарани со Заклучок за прибавување на податоци ПП бр.09-16/2, а кои не беа доставени со дописот ПП бр.09-16/4 од 03.03.2026 година со што целосно постапи по Заклучокот за прибавување податоци;
- МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Земајќи ги во предвид тежината на прекршокот и последиците предизвикани од прекршокот, КОП утврди дека износот на глобата кој се изрекува на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје за сторен прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата изнесува 300.000 денари, што претставува 0.6% од вредноста на вкупниот годишен приход на МУФРИМА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје остварен во 2025 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

Заради сето горе наведено КОП одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски с.р**